За нас

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата, која на македонскиот пазар влезе во 2006 година. Најважна цел за ЕВН Електродистрибуција е сигурно и квалитетно снабдување на корисниците со електрична енергија.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

# ЕЛЕКТРОМОНТЕР (М/Ж) во Гостивар

### Опис на работните задачи

- Исклучување и повторно вклучување на корисници на дистрибутивната мрежа
- Отчитување на податоци од броила
- Контрола на приклучоци и мерни места
- Замена на броила на корисници
- Прием, обработка, чување, ажурирање, средување на документација
- Помош при отстранување дефекти
- Откривање и пријавување неправилности на електроенергетски објекти и броила

### Потребни квалификации и лични карактеристики

- IV степен електротехничко образование – Енергетика
- Квалификации за работа под напон ќе се сметаат за предност
- Компјутерски познавања ќе се сметаат за предност
- Возачка дозвола,
- Одговорност, лојалност, тимска работа
- Комуникативност, флексибилност

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, на jobs.evnelektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо, или потполнете ја електронската апликација на нашата интернет-страница www.evn.mk најдоцна до 19.10.2018.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување.

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

Вашиот успех е и наш успех, бидете дел од тимот на ЕВН Македонија!

ЕВН Македонија, Оддел за човечки ресурси и организација
www.evn.mk, jobs.evnelektrodistrubucija@evn.mk